# ЈЗУ ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ - СКОПЈЕ
# ISHP QENDRA E SHËNDETIT PUBLIK - SHKUP

ул. 3-та Македонска бригада бр. 18 Скопје, тел. 02 / 3298 667, факс 02 / 3 298 251 www.cph.mk

rr. 3-Brigada e Tretë Maqedonase nr.18 Shkup, tel. 02/3298 667, faks 02/3298 251 www.cph.mk

## *ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СОЦИЈАЛНА МЕДИЦИНА*

## - Отсек за здравствено воспитание -

**Д-р Методи Манев**

**Бранка Крстев (дипл. социјален работник)**

**Август 2021**

# КАРЦИНОМ НА ГРЛОТО НА МАТКАТА



# ШТО Е КАРЦИНОМ НА ГРЛОТО НА МАТКАТА?

**Карциномот на грлото на матката е малигно заболување.**

**Грлото на матката е дел од женскиот генитален систем кој ја поврзува матката со вагината.**

**- Местото каде се јавува карциномот е надворешниот отвор на грлото на матката, оној кој е насочен кон вагината.**

**- Во текот на 2020 година, според -Светската Здравствена Организација, се дијагностицирани 604 127 случаи на ова заболување или (3.1% од сите карциноми), и 341 831 смртни случаи од карцином на грлото на матката или (3.3% од сите смртни случаи од карциноми), на глобално ниво.**



# ВИДОВИ НА КАРЦИНОМ НА ГРЛОТО НА МАТКАТА

**Дефинирани се 3 (три) основни типови на карцином на грлото на матката:**

- **сквамозен тип (лушпест тип);**
- **аденоматозен тип (жлездест тип);**
- **мешан тип.**






# СИМПТОМИ НА КАРЦИНОМОТ НА ГРЛОТО НА МАТКАТА

**Развојот на карциномот на грлото на матката често не дава посебна симптоматологија, или таа е оскудна. Појавата на одредени симптоми кај поголемиот број на случаи укажува на паралелно одвивање на некоја од фазите на развој на карциномот.**

**Во симптоми се вбројуваат следниве:**

- **невообичаена појава на крварење (надвор од нормалниот менструален циклус, по сексуален однос или во менопауза);**

- **појава на карлична болка, заедно со појава на вагинален исцедок што има променет изглед и мириса различно;**

- **почесто мокрење и болка при мокрење.**

# ЕДЕН ФАКТ ЗА КАРЦИНОМОТ НА ГРЛОТО НА МАТКАТА...

**Голем број на жени болеста ја откриваат, или за болеста дознаваат во подоцните фази на развојот на болеста (кога медицинскиот третман /најчесто хируршки/ е мошне сложен), претходно не барајќи лекарска помош, односно сметајќи дека тегобите кои подолго време ги чувствувале се `обични` уринарни или гинеколошки инфекции.**



# ФАКТОРИ НА РИЗИК ОД ЗАБОЛУВАЊЕ ОД КАРЦИНОМ НА ГРЛОТО НА МАТКАТА

**Докажан е зголемен ризик од заболување ако постои:**

- **ран почеток на сексуални односи (под 15 години) или 1 година од почетокот на менструацијата;**
- **релација со повеќе сексуални партнери и присуство на други сексуално преносливи болести;**
- **незаштитен сексуален однос;**
- **користење на таблети за контрацепција подолго од 5 годинини;**
- **злоупотреба на тутун;**
- **одбивање на ХПВ – имунизација;**
- **ослабнат имунолошки систем.**

# КОЈ Е ПРЕДИЗВИКУВАЧ НА КАРЦИНОМОТ НА ГРЛОТО НА МАТКАТА?

Карциномот на грлото на матката е предизвикан од страна на ХПВ-вирусот (Хуман Папилома Вирус / HPV Human Papilloma Virus), истиот оној вирус кој ги предизвикува и гениталните брадавици.

ХПВ-вирусот може да се предизвика инфекција кај женски и машки лица, и се пренесува преку незаштитен сексуален однос.

Постојат поголем број на типови на ХПВ-вирус (повеќе од 100 типови), а само одреден број предизвикуваат карцином на грлото на матката. Најчестите 4 предизвикувачи се ХПВ-6, ХПВ-11, ХПВ-16, и ХПВ-18.

# ОТКРИВАЊЕ НА ИНФЕКЦИЈА СО ХПВ

**Редовното вршење на скрининг за карцином на грлото на матката е потребниот начин за откривање на присуството на промени во структурата на клетките од епителот на грлото на матката.**

**Двата скрининг-тестови кои се користат за откривање на раните фази на карциномот се ПАП-тест, и ХПВ-тест.**

**ПАП-тестот (Papanicolau-test) се користи за рано откривање на промени во епителните клетки на грлотот на матката, кои водат кон развој на малигното заболување, додека ХПВ - тестот се користи за откривање на присуството на ХПВ – вирусот во крвта, како предизвикувач на заболувањето.**

## СПРОВЕДУВАЊЕ НА СКРИНИНГ ЗА КАРЦИНОМ НА ГРЛОТО НА МАТКАТА

**Бесплатен скрининг за карцином на грлото на матката се спроведува согласно со Програмата за рана детекција на малигни заболувања.**




**Со бесплатниот скрининг (по пат на ПАП-тест) се опфатени жените на возраст од 24 до 61 година, во 3 возрасни групи (од 24 до 35 години, од 36 до 45 години, и од 46 до 61 година).**

# ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ИНФЕКЦИЈА СО ХПВ - ДА СЕ ЗАПАМЕТИ...

**Сеуште не постои единствен и целосен начин на спречување на инфекција со ХПВ-вирусот, но секако дека постојат начини за значително намалување на ризикот од инфекција, а тоа се следниве:**

- **вакцинација против ХПВ (пред започнување со сексуални односи);**
- **избегнување на тутун;**
- **безбеден секс (ограничен број на сексуални партнери, како и практикување на употреба на кондом).**

# ВАКЦИНАЦИЈА ПРОТИВ ХПВ - МЕТОД НА ПРЕВЕНЦИЈА

Вакцината против ХПВ е вакцина која штити од најчестите типови (во вид на заштита од 2 типа или 4 типа на ХПВ - вирусот), кои предизвикуваат заболување од карцином на грлото на матката.

Вакцината се дава во 3 дози.




Вакцинацијата спречува нови инфекциисо ХПВ-вирусот и затоа се смета дека има најдобар ефект пред било какво изложување на ХПВ и најмногу се однесува за деца на возраст од 12 години.

Постои и препорака за вакцинација на жени во возраст од 27 години.

Да запаметиме:

- потребно е да бидеме свесни за своето сексуално здравје.
- вакцинацијата против ХПВ е безбеден и квалитетен метод за заштита од карцином на грлото на матката.